# Културни изрази и Правата на Детето

## Правата на Детето

Според тврдењата во литературата, Европската унија е потенцијално најмоќниот заштитник на правата на децата, иако нема долга традиција во истото. ЕУ започнува со вметнување на политики за заштита на децата во релативно раната фаза од постоењето на унијата. Првиот легален чекор кој ЕУ го презема во тој поглед е со Договорот од Лисабон, кој има за цел да ги промовира и дефинира правата на децата (Член 3(3) TEU).

Заштитата и промовирањето на детските права е јасна и експлицитна цел на Европската унија, која е втемелена во неколку правни парадигми:

- **Конвенцијата за правата на детето на ОН од 1989 (UNCRC)**
  е првиот универзален инструмент кој има правна и обврзувачка моќ во адресирањето на правата на детето. Во моментов, 193 субјекти и 27 европски земји се потписнички на истата. Конвенцијата ги адресира граѓанските, политички, социјални, економски и културни права на детето. Конвенцијата и овозможува на меѓународната заедница да се здобие со правни механизми за национална имплементација на истите, како би можеле стратешките начела на истата да бидат применети во целост. Иако ЕУ како субјект не е дел од UNCRC, Унијата ги прифаќа нормите и правата во духот на Ковенцијата. Обврските доаѓаат од уставните задолженија на ЕУ за следење на принципите и мерките втемелени во меѓународните права на човекот, во контекст на оние кои директно се однесуваат на опсегот на делување на ЕУ.

- **Член 3(3) од Спогодбата на Европската Унија**
  Членот 3(3) од Спогодбата на Европската Унија ги воспоставува целите на ЕУ за промовирање на правата на детето. Поточно, членот го дефинира следното: *"Европската унија се залага за социјална инклузивност и анти дискриминација, за социјална правда и заштита, еднаквост меѓу жените и мажите, солидарност помеѓу генерациите и заштита на правата на детето".* Меѓудругото, ЕУ директно интервенира во полето на заштитата на правата на децата преку Членот 5(3) од Спогодбата на Европската унија и Протоколот бр. 2 за аплицирање на принцпите на пропорциналност и застапување, кој овозможува воспоставување на уставен механизам *за "демаркирање на границите на интервенирање на ЕУ во области кои не нужно спаѓаат во ексклузивното поле на делување според предвидените компетенции на Унијата".*

- **Повелбата за основните права на Европската унија**
  која ги гарантира унапредувањето, почитувањето и заштитата на правата на детето во сите релевантни политики и акции кои ги преземаат Европските институции и земји – членки во примената на европските закони. Членот 24 се фокусира на правата на детето базирани на Конвенцијата на ОН, особено членовите 3,9, 12 и 13.
  Цитираме:
  *1. Децата имаат право на заѓтита и нега кои се неопходни за нивната добробит. Децата имаат право да ги изразуваат своите гледишта без пречки. Нивните согледувања, ќе бидат земени предвид за работи кои ги засегаат во согласност со нивната возраст и зрелост.*

  *2. Во сите активности во кои се вклучени децата, без разлика дали се организирани од јавни институции или приватни органиации, интересите на децата мора да се во примарен интерес.*

*3. Секое деите има право на регуларна основа да одржува лична релација и директен контакт со двајцата родители, освен ако истото не е на штета на неговите интереси.*

Третиот (3) параграф го зема предвид фактот што, како дел од иницијативата за воспоставување на слободна средина, заштита и правда, легислативата на Европската унија за граѓански прашања кои имаат прекугранични импликации, за кој се однесува Членот 81 од Спогодбата за функционирање на ЕУ, вклучува евидентни права на детето во однос на воспоставување на директен контакт и релација со двата родители на регуларна основа.

- **Европската конвенција за човекови права и судските пресуди во Судот во Стразбур** сочинуваат дополнителен правен извор на референци во однос на заштита на правата на децата во ЕУ.
- **Членот 153 од Спогодбата за функционирање на ЕУ** ги акцентира социјалните политики со кои ЕУ ги поддржува и охрабрува европските земји во заложбите при остварувањето на граѓанските права, вклучувајќи и социјална инклузија и имплементација на системи за социјална заштита.

**Културни изрази**

Изразот “cultura” доаѓа од латински назив што значи: стремеж, заштита, култивирање. Називот се појавува негде 1500 година п.н.е., кога во фигуративна смисла се употребува како “култивирање преку едукација”, додека во средина на 19 век, овој поим се поврзува со идеи за колективни обичаи и традиции од животот на луѓето од различните средини. Во овој дел, се осврнуваме на значењето на културата како збир од наследни сегменти и споделени значења.

Во секоја култура, постојат и “супкултури” во кои групи на лица со различни практики, делувања и верувања се двојат од останатата, целосна слика за културата и други супкултури. Генерално, културата е навистина тешко да се дефинира, исто како што е и невозможно да се зграпчи во моментот, бидејќи кутурата постојано еволуира и се менува.

Комитетот на ОН за Економските, социјалните и културните права ја дефинира културата на следниот начин:

*Културата […] опфаќа, меѓу другото, начин на живот, јазик, усна и писмена литература, музика и песна, невербална комуникација, религиозни системи или системи на верување, обреди и церемонии, спорт и игри, методи на производство или технологија, природни и вештачки средини, храна, облека и засолниште и уметности, обичаи и традиции преку кои поединци, групи на поединци и заедници ја изразуваат својата човекча припадност и значењето што го додаваат на своето постоење, градејќи го својот поглед на светот во пресрет на други надворешни сили кои влијаат на нивните животи.*

Културата игра значајна улога во обликувањето на карактерот и начинот на живот на детето. Некои аспекти на културата се видливи, додека други се главно несвесни. Накратко, тоа е објективот низ кој луѓето го гледаат и толкуваат животот, како и општеството, што директно влијае на начинот на кој луѓето одговараат на нивните потреби. Така, методите и процесите кои се користат за соочување со работите кои се актуелни, се под големо влијание на културната позадина на детето. Како резултат на тоа, постојат големи разлики меѓу децата кога станува збор за имплементација на различни активности, и во училиштето, но и во ангажманот во заедницата.

За да се постигне ова, мора да се осигура дека сите деца, без разлика на потеклото, имаат еднаков пристап до учество и културни активности. На пример, еднаква можност да посетуваат локални библиотеки, музеи, да присуствуваат на настани поврзани со културата итн. Со сигурност може да се каже дека, децата кои доаѓаат од малцински групи, како што се непријавени мигранти или семејствата на мигранти воопшто, се соочуваат со повеќе предизвици во однос на нивната интеграција во општеството. Европската унија повикува на интегриран механизам за да се обезбеди сеопфатно решение за различните потреби на децата, истовремено промовирајќи ја Конвенцијата на ОН за правата на детето (UNCRC). Конвенцијата гарантира дека сите суштински чинители и системи – образованието, здравството, благосостојбата, правдата, граѓанското општество, заедницата и семејството соработуваат во настојувањето да им помогнат на сите деца и да ги заштитат од секаков вид негативно однесување.

Конечно, заштитата и промовирањето на културните права е важно за процесот на зајакнување на поединците и заедниците. Признавањето на нивните културни права им помага на заедниците да ја изградат својата самодоверба и да бидат мотивирани да ги задржат своите традиции додека се почитуваат за нивните практики и вредности.

**Вежби, игри, квизови**

Цели:

- Да се истражи и зајакне знаењето за правните алатки за да се обезбеди унапредување на правата на децата
- Да се размислува за напорите што ЕУ ги прави за понатамошна заштита на правата на децата
- Да се зголеми љубопитноста за културните изрази на децата

**<u>Вежба 1: Културно дрво</u>**

Нацртајте дрво што ја претставува вашата лична култура. Ве молиме обидете се да најдете термини што ја претставуваат вашата сопствена културна позадина за следните три дела од дрвото и запишете ги на вашето парче хартија/лист до дрвото:

- Корени = потекло, чувство на припадност на културни групи (на пр., германски, европски или други културни групи како регионални култури, семејна култура, култура на навивачи итн.)

- Стебло = вредности што ви се важни во вашиот културен контекст (на пр. толеранција, дисциплина итн.)

- Лисја = видливи знаци на вашето културно потекло (на пр. одреден оброк, јазик или начин на комуникација, симбол итн.)

Откако ќе го завршите овој дел, ве молиме размислете за следниве прашања:

- Дали беше лесно да се дефинира културната група на која припаѓате? Дали избравте неколку групи?
- Дали сметате дека вредностите што сте ги избрале се „типични“ за вашето културно потекло?
- Дали се чувствувате удобно со видливиот дел од вашето културно потекло или претпочитате да го направите тоа што е можно „невидливо“? Зошто? Во кои ситуации?
- Како потенцијално би изгледало културното дрво на вашето одделение?

Откако ќе размислите за прашањата, прочитајте ги заклучоците од оваа вежба подолу.

Културниот идентитет не е ист со националноста или етничката припадност.

На многу луѓе им е тешко да дефинираат одредена културна група за себе. Во коренот вашето дрво, можеби сте го именувале вашето национално или етничко потекло, но можеби сте именувале и град или одреден регион, па дури и одредена фан група. Тоа е затоа што припаѓаме на многу различни културни групи. Културниот идентитет не се одредува само од националната култура: иако и покрај аспектите на националната култура, постојат и регионални култури (на пример, регионални разлики во една земја), урбани или рурални култури, семејна култура, култура на обожаватели. Значи, луѓето имаат повеќекратен културен идентитет, додека можат свесно да одлучат да прифатат или отфрлат различни културни практики (аспект на личноста).

0. Културата е динамична и променлива

Може да почувствувате дека вашето културно потекло и вашите вредности се промениле во текот на животот (на пример, вредностите од семејната традиција наспроти вредностите во подоцнежниот возрасен живот, промените во културните традиции при преселба итн.). Културата не е статична, туку динамична и променлива. Ние сме во постојан процес на учење во справувањето со културата околу нас, културата која постојано се менува, особено во глобализираниот свет.

**0.** Културата може да се поврзе и со стереотипите

Луѓето имаат тенденција да ја поврзуваат културата со стереотипите. Можеби сте доживеале ситуација кога некој направил претпоставки за вас врз основа на вашето културно потекло. Во исто време мораме да бидеме свесни за претпоставките што самите ги правиме за другите културни групи. Кога се среќаваме со луѓе од други култури, имаме тенденција да извлекуваме заклучоци од „видливиот“ дел од нивната култура за нивното потенцијално однесување или за нивните вредности. Овие претпоставки може да ја нарушат нашата перцепција за другите култури и затоа се познати како културна пристрасност. Културно пристрасните претпоставки резултираат со перцепции кои влијаат на вашата објективност кога комуницирате со различни групи од различни култури. Последиците од овие постапки се стигма, стереотипи и дискриминација. Особено ако работите со културно разновидни групи на деца, треба да размислите за вашата перцепција за различни културни групи.
Дополнително, „моделот на културата на ледениот брег“ може да се користи за да се илустрира модел на култура што ги прикажува видливите и невидливите елементи на културата.




Еден од најпознатите модели на култура е ледениот брег. Нејзиниот главен фокус е на елементите што ја сочинуваат културата и на фактот дека некои од овие елементи се многу видливи, додека други тешко се откриваат.

Идејата зад овој модел е дека културата може да се прикаже како санта мраз: само многу мал дел од сантата мраз може да се види над водната линија. Овој врв на ледениот брег е поддржан од многу поголем дел од сантата, под водената линија и затоа е невидлив. Сепак, овој долен дел од ледениот брег е моќната основа. Исто како и во културата, има некои видливи делови: архитектура, уметност, готвење, музика, јазик, кои се само неколку примери. Но, потешко е да се забележат моќните основи на културата: историјата на групата луѓе кои ја поседуваат културата, нивните норми, вредности, основните претпоставки за просторот, природата, времето итн.

Моделот на ледениот брег имплицира дека видливите делови на културата се само израз на нејзините невидливи делови. Исто така, укажува на тоа колку е тешко понекогаш да се разберат луѓето со различно културно потекло - затоа што можеме да ги забележиме видливите делови од „нивната санта мраз“, но не можеме веднаш да ги видиме темелите на кои се потпираат овие делови.

**<u>Вежба 2: Верувачи</u>**

Во оваа активност, младите имаат можност подобро да го разберат членот 18 од UDHR преку споделување лични ставови и критичко размислување за различните начините на кои му даваме смисла на животот.

Важно е да им се стави до знаење на учесниците дека треба да бидат свесни за тоа што велат и како се изразуваат. Заштитата на религиозните верувања, како и на верските симболи од навреда и омаловажување, спаѓа во доменот на културата. Меѓутоа, заштитата мора да биде избалансирана во однос на слободата на мислата и изразувањето и не значи целосен имунитет од критика на верувањата. Така, искреното, отворено истражување е прифатливо, додека говорот мотивиран од предрасуди и дискриминација не е.

Доколку вежбата се спроведе, учесниците може да се поделат во мали групи од 4-6 луѓе и од нив ќе се побара индивидуално да размислуваат 3-4 минути за нивните лични верувања. На пример, ако имаат религија, колку внимателно ги набљудуваат верувањата и ритуалите? Потоа, како мразокршач, замолете ги учесниците да зборуваат за првиот пат кога учествувале на верска церемонија.

После тоа, картичките ќе бидат поставени во центарот. Учесниците ќе имаат половина час и треба да ги одржат своите дискусии кратки за да можат да поминат низ што е можно повеќе карти. На тој начин ќе добијат широка перспектива за прашањата; тие можат подоцна да следат теми кои се од особен интерес. Објаснете дека во секоја рунда еден учесник зема картичка, ја чита на глас и потоа ја коментира изјавата. Потоа другите имаат можност да придонесат со пример од сопствената религија или искуство.

**Вежба 3: Квиз**

Следете ја врската и пополнете го квизот онлајн во врска со културните активности.
https://quizizz.com/admin/quiz/5fb7fd47d9336c001da5c490/cultural-activities

**Повеќе информации во врска со вашите права можете да најдете на линковите подолу:**

- https://www.unicef.org/child-rights-convention/convention-text
- https://eur-lex.europa.eu/legal-content/EN/TXT/?qid=1538472574246&uri=CELEX:12016ME/TXT
- https://www.europarl.europa.eu/charter/pdf/text_en.pdf
- https://www.echr.coe.int/Pages/home.aspx?p=basictexts&c